25 - 27 ЈАНУАРИ 2013, СКОПЈЕ И БИТОЛА

# GLOBAL GAME JAM

GLOBAL GAME JAM
МАКЕДОНИЈА 2013

## НАМЕСТО ДА СПИЕШ

ЦРТАЈ + МОДЕЛИРАЈ + ПРОГРАМИРАЈ + ДИЗАЈНИРАЈ + МУЗИЦИРАЈ + ДРУЖИ СЕ

48 ЧАСА СО ЦЕЛИОТ СВЕТ

# Global Game Jam





**Global Game Jam** е најголемиот глобален настан за развивање на игри. Се одржува еднаш годишно истовремено на голем број локации во вид на 48-часовен маратон.

Како дел од **International Game Developers Association (IGDA)** неговата цел е да ги обедини сите кои креираат или имаат желба да креираат игри и да поттикне креативност, соработка и експериментирање.

Global Game Jam за првпат е одржан во 2009 година, инспириран од Nordic Game Jam, со желба да се создаде светски настан. Во 2012 година настанот се одржа на 242 локации во 47 земји. Имаше 10684 учесници и беа создадени 2209 игри. Со тоа се постави нов Гинисов рекорд за најголем Game Jam во светот.

Global Game Jam 2013 ќе се одржи од 25 до 27 јануари 2013 година на **290 локации во 62 земји**.

# Македонија 2013






На покана на Global Game Jam, Inc. и International Game Developers Association, **Македонската асоцијација за развивање игри “МАГДА”** во јануари 2013 година, ќе го организира Global Game Jam Македонија на две локации во Македонија – **ФОН Универзитетот во Скопје** и **новата сала на Совет Битола**. На него ќе се сретнат професионалци, студенти, средношколци и ентузијасти од различни сфери за заедно да креираат игри, разменуваат знаење и остваруваат контакти.

Со организирање на Global Game Jam Македонија, МАГДА сака да започне серија на настани и активности кои ќе овозможат Република Македонија да прерасне во регионален центар за развивање на игри.






**Global Game Jam Македонија** се очекува да има околу 100 учесника на двете локации и неколку стотна публика. Локациите имаат капацитет за прием и на поголем број учесници. Со цел да се оствари 48-часовен континуиран престој, за секој учесник освен простор за работа и интернет пристап, МАГДА ќе обезбеди храна, пијалоци, простор за рекреација и простор за одмор. За публиката и учесниците ќе бидат организирани предавања и работилници.

Најдобрите игри ќе бидат наградени. За учесниците на настанот Global Game Jam ќе им овозможи и други промоции и активности организирани од глобалните спонзори. *http://globalgamejam.org/promotions*

Настанот ќе започне на 25 Јануари (петок) во попладневните часови кога темата ќе биде објавена и ќе трае до вечерта 27 Јануари (недела).

# Распоред

**25 јануари 2013 (петок)**

12:00 – 16:00 Пристигнување на учесници

13:00 – 15:30 Работилница и предавање на тема креирање на игри
Скопје - KnapNok Games, Копенхаген
Битола - KAMAi MEDIA, Битола
(за учесници и за публика)

(30 мин. пауза)

16:00 – 17:00 Отворање на настанот (за учесници и за публика)

- Претставување на Global Game Jam и Global Game Jam Македонија
- Претставување на локацијата, покровителите и спонзорите

17:00

- Објавување на темата (зададена од Global Game Jam според која во сите земји ќе се изработуваат игри)

(15 мин. пауза)

17:15 – 18:15 Претставување на учесниците и формирање на групи
(за учесници и за публика)

18:15 – 19:00 Распоред на групите и on-line регистрација на групите

19:00 – 20:00 Вечера

20:00 Почеток со работа

Учесниците ќе работат се до 27 јануари (недела), 17:00 часот.
Ќе има прекини за појадок, ручек, вечера, консултации и одмор.

## 26 јануари 2013 (Сабота)

| | |
|---|---|
| 09:00 – 10:00 | Појадок |
| 10:00 – 11:00 | Кратко претставување на идеите и консултации |
| 14:00 – 15:00 | Ручек |
| 19:00 – 20:00 | Вечера |

## 27 јануари 2012 (Недела)

| | |
|---|---|
| 09:00 – 10:00 | Појадок |
| 10:00 – 11:00 | Консултации |
| 14:00 – 15:00 | Ручек |
| 18:00 – 19:00 | Претставување на тимовите и игрите (за учесници и за публика) |
| (30 мин пауза) | |
| 19:30 – 20:30 | Избор на најдобри игри, наградување и затворање на настанот.<br>(за учесници и за публика) |
| 20:30 – 23:00 | Заминување од локацијата |

# Организација

Покровители:

Општина Битола

Генерални спонзори:

Глобални спонзори:

# Информации

*www.globalgamejam.org*

*www.igda.org*

*www.gamejam.mk*

*info@gamejam.mk*